Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр-No-Nr. 08-475/80
28.10 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

ЕТИЧКИ КОДЕКС
ЗА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.05/02 и „Сл.Весник на РСМ" бр. 202/24), член 36, став 1 , точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари" бр. 01/97), како и одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Сл.Весник на РСМ" бр. 12/19), Советот на општина Шуто Оризари, го донесува овој **ЕТИЧКИ КОДЕКС**:

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Етички кодекс (во понатамошниот текст: Кодекс) се утврдуваат етичките начела, стандардите на однесување и моралните обврски на избраните и именуваните лица во општина Шуто Оризари.

Член 2

Одредбите од овој Кодекс се задолжителни и се применуваат за:

- Градоначалникот на Општината;
- Членовите на Советот на Општината (советниците);
- Лицата именувани од Советот или Градоначалникот во управните и надзорните одбори на јавните претпријатија и јавните установи основани од Општината.

II. ТЕМЕЛНИ ЕТИЧКИ НАЧЕЛА

Член 3

Избраните и именуваните лица се должни во секој момент да го стават јавниот интерес пред својот личен, приватен, семеен или партиски интерес. Тие дејствуваат исклучиво во корист на граѓаните на Општината.

Член 4

Избраните и именуваните лица се должни да ги извршуваат своите надлежности во строга согласност со Уставот, законите, Статутот и актите на Општината.

Член 5

Работата на избраните и именуваните лица е јавна. Тие се должни на граѓаните и на медиумите да им обезбедат точни, навремени и разбирливи информации за своите одлуки и за трошењето на општинските буџетски средства.

Член 6

При извршувањето на функцијата, избраните и именуваните лица не смеат да покажуваат пристрасност или да вршат дискриминација врз основа на пол, раса, национално или социјално потекло, политичко или верско уверување, имотна или општествена состојба.

III. СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И КОРУПЦИЈА

Член 7

Судир на интереси настанува кога приватниот интерес на избраните и именуваните лица влијае или може да влијае врз објективното и непристрасно извршување на нивните јавни функции.

Член 8

Член на Советот е должен јавно да пријави приватен интерес и да побара изземање од расправа и гласање за секоја точка од дневен ред која му носи директна или индиректна корист нему, на неговото семејство или на правни лица поврзани со него (на пр. детални урбанистички планови, јавни набавки, субвенции).

Градоначалникот и именуваните лица се должни на ист начин да се изземат од носење одлуки или решенија каде постои приватен интерес.

Член 9

Избраните и именуваните лица не смеат да бараат, ниту да примаат подароци, услуги, гостопримство или каква било друга поволност за себе или за други лица, кои можат да влијаат врз нивното одлучување.

Дозволено е примање само на протоколарни и пригодни подароци во минимална вредност утврдена со закон, кои задолжително се пријавуваат и се запишуваат во Регистарот на подароци на Општината.

Член 10

Избраните и именуваните лица не смеат да ги користат информациите до кои дошле при вршење на функцијата (кои имаат статус на доверливи или интерни) за стекнување лична корист или корист за друго лице.

Строго е забрането користење на општинскиот имот, возила, опрема, простории или човечки ресурси за приватни цели или за активности на политички партии.

IV. ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА

Член 11

Избраните и именуваните лица се должни да одржуваат висока култура на дијалог, да се однесуваат со почит кон своите колеги и да не вршат каков било политички притисок врз професионалното и непристрасно работење на општинската администрација.

Член 12

Во своите јавни настапи, изјави за медиумите и на социјалните мрежи, избраните и именуваните лица се должни да се однесуваат достоинствено, да не користат говор на омраза, навреди или клевети со кои би го нарушиле угледот на Општината и институциите.

V. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА ПРЕКРШУВАЊЕ

Член 13

За следење на примената на овој Кодекс, Советот на Општината формира Комисија за етика (составена од 3 членови од редот на советниците и 2 административни службеници).

Секој граѓанин, вработен во администрацијата или друго избрано или именувано лице може да поднесе писмена претставка до Комисијата доколку се сомнева во прекршување на овој Кодекс.

Член 14

Доколку Комисијата утврди дека одредено избрано или именувано лице го прекршил Кодексот, може да ги изрече следниве несилни (морални) мерки:

1. Интерна опомена (писмено укажување до функционерот);
2. Јавна опомена (читање на заклучокот на наредната седница на Совет и објава на веб-страницата на Општината);
3. Предлог за разрешување на изрбаното и именуваното лице од управен или надзорен одбор, односно предлог за смена на советникот од работните комисии на Советот.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

По усвојувањето на овој Кодекс, секое избрано и именувано лице потпишува Свечена изјава за прифаќање на етичките стандарди (**ПРИЛОГ 1**), која се чува во архивата на Општината.

Член 16

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото усвојување од страна на Советот, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ и на официјалната веб-страница на Општината.

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
Јаше Сефер

ПРИЛОГ 1:

СВЕЧЕНА ИЗЈАВА

за прифаќање на Етичкиот кодекс за избраните и именуваните лица во општина Шуто Оризари

Јас, _____, во својство на носител на јавна функција – _____ во општина Шуто Оризари, со сворачен потпис на оваа изјава, свечено изјавувам дека:

1. Ги прифаќам во целост одредбите, начелата и стандардите утврдени во Етичкиот кодекс за избраните и именуваните лица во општина Шуто Оризари.
2. Се обврзувам дека во секојдневното извршување на мојата функција ќе го штитам јавниот интерес пред мојот личен, семеен, приватен или партиски интерес.
3. Ветувам дека ќе дејствувам со висок степен на интегритет, законитост, транспарентност и непристрасност, одржувајќи го угледот на институцијата и довербата на граѓаните.
4. Свесен/а сум за обврската навремено да го пријавам секој потенцијален судир на интереси и да се изземам од носење одлуки кои можат да доведат до лична или приватна корист.
5. Ја прифаќам моралната и етичката одговорност и се согласувам дека секое мое постапување спротивно на овој Кодекс подлежи на јавна и институционална критика, како и на мерки изречени од страна на Комисијата за етика на Советот.

Оваа изјава ја давам доброволно, свесен/а за тежината на превземената одговорност пред граѓаните на општина Шуто Оризари.

Изјавата ја даде:

Име и презиме_____

Потпис_____

Архивски број._____

Датум_____

Место_____

Совет на општина Шуто Оризари-Konsili ki komuna Šuto Orizari-Këshilli I komunës Shuto Orizari
Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 08- 4751 40
28.10 **2026г од-berš-viti**
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 202/24), член 36, став 1 , точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари“ бр. 01/97), како и одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси („Сл.Весник на РСМ“ бр. 12/19), Претседателот на Советот на општина Шуто Оризари на својата 10-та Седница, одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Етичкиот кодекс за избраните и именуваните лица во општина Шуто Оризари.

Член 2

Етичкиот кодекс за избраните и именуваните лица во општина Шуто Оризари, е составен дел од оваа Одлука.

Член 3

Целта на Етичкиот кодекс, е утврдување на етичките стандарди, правилата на однесување и професионалниот интегритет на избраните и именуваните лица во општина Шуто Оризари, со цел обезбедување законито, професионално, транспарентно и одговорно вршење на работните задачи и обезбедување високо ниво на услуги за граѓаните.

Член 4

Со одредбите од Етичкиот кодекс се запознаваат сите избрани и именувани лица во општина Шуто Оризари. За неговото спроведување и следење се грижи Советот на општина Шуто Оризари и Градоначалникот на општина Шуто Оризари, раководните службеници согласно законските прописи.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, и веб страна www.sutoorizari.gov.mk.

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
Јаше Сефер